Врз основа на член 35 од законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) градоначалникот на општината Крива Паланка го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна анкета и јавна презентација на предлог детален урбанистички план за блок 1-Д во општината Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 29.06.2020 година до 08.07.2020 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при општината Крива Паланка.

Предлог деталниот урбанистички план за блок 1-Д во Крива Паланка ќе биде изложен на информативните табли на општината Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Крива Паланка.

Јавната презентација за ДУП за блок 1-Д во Крива Паланка ќе се одржи на ден 03.07.2020 година со почеток во 12,оо часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Опфатот за кој се однесува горенаведениот план е следниот:

Границата започнува од вливот на долот во спротивска маала во Крива Река, оди кон североисток узводно по течението на Крива Река, доаѓа до границата со К.О. Дрење, оди кон север по границата и доаѓа до трасата на железничката пруга кон југозапад и оди покрај трасата на железничката пруга и доаѓа до долот во спротивска маала кон југоисток и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

Површината на овој опфат изнесува 16,19 ха.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт писмени забелешки преку анкетните листови.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**